# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 5 година LVIII**

**28 март 2022 година**

**opve@veles.gov.mk**

**Бр.71**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Велес, Лозово, Градско, Демир Капија и Росоман (зајакнување на општинските услуги преку нови технологии)**

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Велес, Лозово, Градско, Демир Капија и Росоман (зајакнување на општинските услуги преку нови технологии), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/1
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колевс.р

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“ бр. 79/09) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Одлуката за утврдување предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес, Општина Градско, Општина Лозово, Општина Росоман и Општина Демир Капија („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/21), а по предлог на Градоначалникот Советот на Општина Велес на седница одржана на 25.03.2022година донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Велес, Лозово, Градско, Демир Капија и Росоман**
(зајакнување на општинските услуги преку нови технологии)

**Член 1**

Со оваа Одлукасе воспоставува меѓуопштинска соработка, со општините Велес, Градско, Демир Капија, Лозово и Росоман за вршење на работи ворамки на проектот „Поблиску до граѓаните – Зајакнување на општинските услуги преку нови технологии“.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1на оваа Одлука ќе се остварува преку повеќе општи и конкретни активности кои ќе се имплементираат во петте општини преку формирање на заедничка комисија.

**Член 3**

Постојаната заедничка комисија ја сочинуваат по еден преставник од одделенијата за информатичка технологија или локален економски развој од секоја општина со која што воспоставува меѓуопштинска соработка.

По потреба, без право на одлучување во работата на постојаната комисија може да се вклучат и надворешни лица претставници на национални институции и меѓународни организации.

**Член 4**

За претставник во комисијата од Општина Велес се определува Данче Манева Палашев, раководител на одделение за информатички технологии.

**Член 5**

Се овластува претседателот на Советот на Општина Велес да го потпише решението за формирање на заедничка комисија –за вршење на работи во рамки на проектот „Поблиску до граѓаните – Зајакнување на општинските услуги преку нови технологии", по именувањето на сите претставници од општините.

**Член 6**

По предлог на градоначаникот на секоја општина ќе се определи по еден претставник, за формирање на посебна Комисија која ќе го предложи и изготви договорот за МОС, кој треба да биде потпишан од сите градоначалници во општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1686/4
25.03.2022година
В е л е с

Претседател
на Советотна Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.72**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/2
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 64 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02), согласно член 11, став 2 од Законот за енергетска ефикасност („Службен всник на РСМ" бр. 32/20 и 110/21) како и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06....08/21),а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давањеправото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес од страна на основачот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес (во понатамошниот текст -корисникот).

**Член 2**

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување од членот 1 на оваа Одлука опфаќа располагање со мрежата на јавното осветлување, грижа за неговата уреденост и тековното одржување на електричната мрежа на јавно осветлување од страна на корисникот.

**Член 3**

Правото на користење на мрежата на јавно осветлување го сочинуваат:

-приклучоци од категорија LV1.1 – јавно осветлување светилките за улично осветлување, кои се определени како броила од категоријата LV1.1 поставени во сите урбани и месни заедници на територијата на Општина Велес.

Нисконапонска надземна и подземна мрежа за гореневедените броила.

Листата со местата на потрошувачка за приклучоците од ставот 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Велес, да склучи договор со корисникот на ова право, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за доделеното правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес.

По склучувањето на договорот, одговорното лице на давателот на ова право ќе поднесе барање до надлежниот орган за промена на корисник за местата на потрошувачка од листата од член 3 став 1 на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1686/5
25.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советотна Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.73**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/3
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Извештајот за извршениот попис на основни средства, опрема и ситен инвентар бр. 02-308/3 од 08.02.2022год., изготвен од Комисијата за вршење на попис на основните средства, опрема и ситен инвентар.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес, евидентирани во Буџетот на Општина Велес.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основнисредства, опрема и ситенинвентар се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 95.773,ооденари.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар ќе го изврши Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, формирана од Советотна Општина Велес.

**Член 5**

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства, опрема и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат напродажба или се уништат и исфрлат во отпад).

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

**Член 6**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1686/6
25.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.74**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за не усвојување Годишен извештај за финансиските резултати за период од 01.01 до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес**

Се објавува Заклучокот за не усвојување Годишен извештај за финансиските резултати за период од 01.01 до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/4
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врзоснованачлен 11, став 1, точка 9 од Законот за јавнитепретпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), член 36, став 1, точка9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советотна Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Годишен извештај за финансиските резултати за период од 01.01. до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес**

1.Советот на Општина Велес не го усвои Годишниот извештај за финансиските резултати за период од 01.01. до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањетово „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1686/7
25.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутковс.р

**Бр.75**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за не усвојување Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес**

Се објавува Заклучокот за не усвојување Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/5
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 11, став 1, точка 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи" Велес**

1.Советотна Општина Велес не ја усвои завршната сметка за 2021 годинана ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи" Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1686/8
25.03.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутковс.р

**Бр.76**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за не донесување Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин" Велес**

Се објавува Заклучокот за не донесување Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/6
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19и 08/21),

Советотна Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин" Велес**

1.Советот на Општина Велес не донесе Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин" Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1686/9
25.03.2022 година
В е л е с

Претседател
наСоветотна Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.77**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за разгледување Информација за работа на полициската станица Велес за 2021 година**

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за работа на полициската станица Велес за 2021 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.03.2022 година.

Број 08-1697/7
28.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.03.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување Информација за работа на полициската станица Велес за 2021 година**

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за работа на полициската станица Велес за 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1686/10
25.03.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 71 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Велес, Лозово, Градско, Демир Капија и Росоман (зајакнување на општинските услуги преку нови технологии)** | 327 |
| | **ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Велес, Лозово, Градско, Демир Капија и Росоман** | |
| 72 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес** | 328 |
| | **О Д Л У К А за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес** | |
| 73 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес** | 329 |
| | **О Д Л У К А за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес** | 330 |
| 74 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за не усвојување Годишен извештај за финансиските резултати за период од 01.01 до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес** | |
| | **З А К Л У Ч О К за не усвојување Годишен извештај за финансиските резултати за период од 01.01. до 31.12.2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес** | |
| 75 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за не усвојување Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес** | 330 |
| | **З А К Л У Ч О К за не усвојување Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес** | |
| 76 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за не донесување Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор на СОУ„Гимназија Кочо Рацин“ Велес** | 331 |
| | **З А К Л У Ч О К за недонесување Решение за разрешување и именување член претставник на Општина Велес за член на Училишен одбор наСОУ„Гимназија Кочо Рацин“ Велес** | |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00